# АНЕКС НА ПРОПОЗИЦИИ

## За натпреварите во Втора Лига за Сениори и Прва Лига за Сениорки на Македонија во сезона 2018/2019

## 1 ВТОРА ЛИГА

### Член 1.

Втора Лига за Сениори на Македонија во натпреварувачката сезона 2018/2019 ја сочинуваат два региони:

- Регион 1
- Регион 2

Регион 1 го сочинуваат следните екипи:

1. ППК Крива Паланка, Крива Паланка
2. ППК Крива Паланка 2007, Крива Паланка
3. ППК Берово, Берово
4. ППК Винспин, Виница
5. ППК Хепи,
6. ППК Струмица, Струмица
7. ППК Астраион Мега-Спин, Струмица
8. ППК Куманово, Куманово

Регион 2 го сочинуваат следните екипи:

1. ППК Крушево, Крушево
2. ППК Телеком-НЕЦ 2, Скопје
3. ППК Патриот, Велес
4. ППК Градба Промет, Кавадарци
5. ППК Напредок, Скопје
6. ППК Рисови, Скопје
7. ППК Борец, Велес,
8. ППК Дебар Маало 2, Скопје

### Член 2.

Лигата се игра по двократен бод систем – систем “**секој со секој**”, **домаќин – гостин**. Се играат вкупно 14 (четиринаесет) кола според усвоениот Календар на натпреварувања на ППФМ.

На крајот на регуларниот дел од лигашкото натпреварување, првопласираните екипи од секој регион играат PLAY OFF натпревар наречен **Квалификациски натпревар за влез во Прва Лига – прв степен**. Победничката екипа од тој натпревар **директно влегува** во Прва Лига, додека **осмопласираната** екипа од Прва Лига директно паѓа во Втора Лига во соодветниот регион.

Губитничката екипа од тој натпревар има уште една шанса преку PLAY OUT натпреварот против **седмопласираната** екипа на Прва лига наречен **Квалификациски натпревар за влез/опстанок во Прва Лига – втор степен**. Победничката екипа од тој натпревар **директно влегува/останува** во Прва Лига, додека губитничката екипа паѓа/останува во Втора Лига во соодветниот регион.

Во двете квалификациски етапи се игра по еден натпревар.

## 2 ПРВА ЛИГА - ЖЕНИ

### Член 3.

Прва Лига за Сениорки на Македонија во натпреварувачката сезона 2018/2019 ја сочинуваат следните екипи:

1. ППК Крушево
2. ППК Крива Паланка
3. ППК Рисови
4. ППК Астраион Мега-Спин

### Член 4.

Лигата се игра по еднократен бод систем – систем “**секој со секој**”, **сите кола одиграни на 1 (еден) турнир**. Се играат вкупно 3 (три) кола според усвоениот Календар на натпреварувања на ППФМ каде е вметнат турнирот.

## Член 5.

Минимални услови за одигрување на натпреварите од лигашкиот дел од натпреварувањето во Втора Лига за Сениори и Прва Лига за Сениорки се:

- Гледалиштето мора да е одалечено од рингот на натпреварот најмалку 1 (еден) метар.
- Температурата во салата не смее да биде помала од 15 степени Целзиусови.
- Просторот за игра (ринг) мора да биде со величина од 10x5m, или поголем, а дозволена е висина од најмалку 4 (четири) метри од подот.
- Осветлувањето над пинг-понгарската маса мора да биде најмалку 400 лукси.

Дозволената толеранција во однос на пропишаните услови е 5% (не важи за температурата). Проверките на минималните услови ги извршува главниот судија само ако поседува мерни инструменти коишто се соодветни за утврдување на условите.

Во случај да наведените услови не се исполнети, натпреварот **нема да се одигра**, а одлуката за тоа ја донесува главниот судија.

Сите натпревари од лигите наведени во Член 1. и Член 3. од овој **Анекс на Пропозиции** се играат со топчиња според Член 11. од **Пропозициите за лигашки натпреварувања на ППФМ**.

## Член 6.

Судијата на натпревар од Втора Лига за Сениори е одреден од страна на домаќинот, но истиот не смее да биде член на клубот-домаќин. Судијата не мора да поседува сертификат за Национален Судија.

Судијата на натпревар на Прва Лига за Сениорки е одреден од страна на организаторот на турнирот за натпреварите од Прва Лига за Сениорки. Судијата не мора да поседува сертификат за Национален Судија.

## Член 7.

Со сите лиги ги раководи **Натпреварувачката Комисија на ППФМ** во состав:

1. **Живко Апостолоски**
2. **Роберт Михајловски**
3. **Предраг Чоловиќ**

и **Комесарот на лигите на ППФМ: Роберт Михајловски** чија електронска пошта е: robert.mihajlovski@ericsson.com и телефонски број е: 070 300 345

ПИНГ-ПОНГАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА